МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта ("Службен весник на РМ" бр. 41/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

# ПРАВИЛНИК ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА СТРУЧНО ЛИЦЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СЕМЕНСКИ ПОСЕВИ, ПОСЕВИ СО ЛУКОВИЦИ И КЛУБЕНИ, ЛОЗОВИ И ОВОШНИ НАСАДИ

## Член 1

Со овој правилник се уредува издавањето и одземањето на овластувањето на стручното лице за вршење на стручна контрола на производството и одобрување на семенски посеви, посеви со луковици и клубени, лозови и овошни насади.

## Член 2

Овластувањето што го издава министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е доказ дека стручното лице е способно и може самостојно да ја врши контролата.

Стручното лице овластувањето може јавно да го истакне на местото каде што ја обавува основната дејност.

## Член 3

Овластувањето се издава врз основа на доставено барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за семе и саден материјал.

Во прилог на барањето се доставуваат следните докази:

- диплома за завршен Земјоделски факултет;
- диплома за завршени последипломски студии од соодветната област;
- државјанство на Република Македонија;
- за работно искуство.

Документите се доставуваат во фотокопии заверени од надлежен орган.

## Член 4

Овластувањето за вршење стручна контрола се одзема ако не ја извршува стручно работата согласно прописите за вршење стручна контрола.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-392/2

23 февруари 2001 година

Скопје

Министер,

**Марјан Ѓорчев,** с.р.